# П Л А Н

**ЗА 2014 ГОДИНА**

( ПРОГРАМА ЗА РАБОТА И РАЗВОЈ )
**На ЈКП " ВОДОВОД " – Битола**

**Битола, декември** 2013

# ВОВЕД

ЈКП Водовод својата програма ја заснива врз следните параметри:

- Аналитички приод на остварените резултати од претходните години
- Претпоставки за движење на инфлацијата
- Примена на економските принципи на работењето како економичност, продуктивност и рентабилност

I **Вкупниот приход** да се реализира во висина од **235.287.000** денери, што е за 4% повеќе во однос на предвидувањата за 2013 година, кои се 3% намалени во споредба со оствареното во 2012 година.

Формирањето на вкупниот приход се планира да биде според следната структура:

**1.** Од **РЕ "Водоводни објекти и инсталации"** да се реализираат средства во висина од **198,087,000** ден. или за 1% повеќе во однос на предвидувањата за 2013 година, со учество од 99,40 % во вкупно фактурираната реализација, од тоа:

**а)** Од **реализација на вода** се очекува реализирање на **193,937,000** ден. што е за 1% повеќе во однос на предвидувањата за 2013 година.

Предвидената реализација треба да се оствари под слените услови:

- Да се реализираат **6.500.000 м$^3$** вода, според следната структура:

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1. Домаќинства | **4.750.000** м$^3$ | или | **73%** |
| 2. Правни лица | **1.750.000** м$^3$ | или | **27%** |

Истата е формирана по цени согласно Решението за давање на согласност на Одлуката од управниот одбор на ЈКП Водовод Битола бр. 02-693/2 од 17.08.2010 со примена од 01.09.2010 и тоа:

| | цена |
|---|---|
| 1. За домаќинствата | 24.25 ден/м$^3$ |
| 2. За правни лица | 45.00 ден/м$^3$ |

**б)** Одделот "**Одржување на градската мрежа и приклучоци**" се очекува да се реализираат 2,000,000 денари што е за 33% повеќе во однос на предвидувањата за 2013 година.

Оваа реализација треба да биде реализирана преку:

- Изградба и реконструкција на водоводни линии согласно програмата на Општина Битола.
- трети лица
- приклучоци

**2. Од РЕ "Заеднички служби"** треба да се реализираат 1,200,000 ден. што е еднакво на предвиденото за 2013 година.

**Вкупно фактурирана реализација** се планира да изнесува 199,287,000 денари што е за 1% повеќе во однос на предвидувањата за 2013 година.

Според планот за 2014 година се предвидува зголемување на предвидените приходи од **реализација на вода** во 2013 година од 1% или за 2,305,000 денари повеќе во однос на предвидувањата за 2013 година.

Планираната нето добивка ќе се реализира со 52% во споредба со предвидувањата за 2013 година.

**3. Приходите од извршени услуги од поврзани субјекти**, односно реализација на електроенергија од ХЕП Водовод се планира да изнесува 11,000,000 денари.

**4. Приходите од сопствено учество** се предвидува да изнесуваат 10,000,000 денари

**5. Останатите деловни приходи** се предвидува да изнесуваат 15,000,000 денари или исто како предвидувањата за 2013

**II Вкупните расходи** според планот треба да изнесуваат 233,783,000 ден. или 5% повеќе во однос на предвидувањата за 2013 година. Според структурата се очекува следното движење на трошоците:

а) **Материјалните трошоци** со амортизацијата се предвидува да изнесуваат 92.360.000 ден. што е за 12% повеќе во однос на предвидувањата за 2013 год. со учество од 39% во вкупно деловните расходи, според следната структура:

- Материјалните трошоци да изнесуваат 58.060.000 денари

Амортизацијата да изнесува 34,300,000 или 25% повеќе од предвидувањата за 2013 година, како резултат на активирање на нови основни средства, набавени од кредитот од KFW банката.

Вака планираниот пораст на материјалните трошоци е на нивото на планираната инфлација, со оглед на тоа да порастот на цените на енергентите и материјалите од црната металургија и хемиската индустрија, вообичаено се повисоки од зацртаната инфлација.

б) **Нематеријалните трошоци** да изнесуваат 44.423.000 ден. што е 99% од предвидувањата за 2013 година.

- Бруто платите да изнесуваат 97,000,000 ден. или за 1% повеке во однос на предвидувањата за 2013 год.
- Нето масата се предвидува да изнесува 64.700.000 денари.

**III Планираната бруто добивка** се очекува да изнесува **1,504,000** денари

**IV Данокот на добивка** да изнесува **1,300,000** денари

**V Нето добивката** да изнесува **204,000** денари

# П Л А Н

## На фактурираната реализација по работни единици

000 ден.

| | Категорија на потрошувачи | остварено 2012 | 01-09 2013 | Предвид. 2013 | ПЛАН 2014 | Инд. 5/3 | Инд. 6/5 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 1 | **РЕ,,Водоводни објекти и инсталации,,** | **205,430** | **144,793** | **195,182** | **198,087** | **95** | **101** |
| * | Реализација од вода | 197,044 | 142,530 | 191,632 | 193,937 | 97 | 101 |
| * | Оддел ,,Одржување,, | 7,028 | 997 | 1,500 | 2,000 | 21 | 133 |
| * | Оддел ,,Водомерна,, | 1,208 | 1,238 | 1,800 | 2,000 | 149 | 111 |
| * | Оддел ,,Возен парк | 150 | 28 | 250 | 150 | 167 | 60 |
| 2 | **РЕ Заеднички служби** | 1,272 | 895 | 1,200 | 1,200 | 94 | 100 |
| 3 | **Вкупно 1+2** | **206,702** | **145,688** | **196,382** | **199,287** | **95** | **101** |

Од горе прикажаниот приказ на планираната фактурирана реализација може да се согледа:
- најголемо учество од **99,40 %** е од
**1.РЕ** “ **Водоводни објекти и инсталации**”.

Според структурата може да се забележи следното :

- **Реализацијата од вода** учествува со **97,31%** во вкупно фактурираната реализација.
- **Одделот “Одржување на градска мрежа и приклучоци “** со **1,004%**.
- **Одделот “Водомерна работилница”** со **1,004%**
- **Одделот ”Возен парк”  со 0,075 %.**

**2. РЕ** “ **Заеднички слижби** “ со **0,602%.**

# П Л А Н

## На физичкиот обем на реализација од вода за 2014 година

Во М3

| ред.бр | **Категорија на потрошувачи** | ОСТВАРЕНО 2012 | 01-09 2013 | ПРЕДВИ. 2013 | ПЛАН 2014 | Инд. 5/3 | Инд. 6/5 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 1 | Домаќинства | 4,754,216 | 3,450,606 | 4,600,808 | 4,750,000 | 97 | 103 |
| 2 | Правни лица | 1,858,152 | 1,334,375 | 1,779,167 | 1,750,000 | 96 | 98 |
| | **Вкупно** | **6,612,368** | **4,784,981** | **6,379,975** | **6,500,000** | 96 | 102 |

***Графички приказ на физичкиот обем на реализација од вода во м3 за 2014 година***




***Табела 1***

Од прикажаниот преглед за физичкиот обем на реализацијата на вода, можи да се согледа дека најголемо учество во истиот, има реализацијата од домаќинствата со **73%,** додека правните лица учествуваат со **27%.**

# П Л А Н

## На реализација на вода во финасови показатели за 2014 година

| ред.бр | **Категорија на потрошувачи** | м3 | Учество во % | цена | износ |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 1 | Домаќинства | 4,750,000 | 59 | 24,25 | 115,187,500 |
| 2 | Правни лица | 1,750,000 | 41 | 45,00 | 78,750,000 |
| | **Вкупно** | **6,500,000** | 100 | | **193,937,500** |

***Графички приказ на реализација на вода во финасови показатели за 2014 година***




***Табела 2***

Во финасови показатели, фактурираната реализација се очекува да биди според следната структура:

Домаќинства **59%**
Правни лица **41%**

# П Л А Н
## на деловните расходи за 2014

| ВИД ТРОШОК | | ОСТВАРЕНО | | | | ИНД. | ИНД. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Конто 1 | Назив 2 | 2012 3 | 01-09 2013 4 | ПРЕД. 2013 5 | ПЛАН 2014 6 | 5/3 | 6/5 |
| 400 | ПОТРОШЕН МАТЕРЈАЛ | 26,138,396 | 14,281,004 | 24,000,000 | 25,000,000 | 92 | 104 |
| 401 | ПОТРОШЕНО ПОМОШ. КАНЦ. МАТЕРИЈАЛИ | 1,834,190 | 1,809,822 | 2,600,000 | 2,500,000 | 142 | 96 |
| 402 | ТРОШОЦИ ЗА ЕНЕРГИЈА | 23,262,825 | 11,826,795 | 16,800,000 | 18,000,000 | 72 | 107 |
| 407 | ТРОШОЦИ ЗА СИТЕН ИНВЕНТАР, АМБАЛАЖА И АВТОГУМИ | 691,516 | 418,343 | 560,000 | 600,000 | 81 | 107 |
| 410 | ТРАНСПОРТНИ УСЛУГИ | 1,535 | 2,921 | 3,900 | 10,000 | 254 | 256 |
| 411 | ПТТ УСЛУГИ,ТЕЛЕФОНСКИ УСЛУГИ И ИНТРНЕТ | 1,543,377 | 1,079,318 | 1,450,000 | 1,500,000 | 94 | 103 |
| 413 | УСЛУГИ ЗА ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА | 7,284,506 | 3,466,737 | 5,500,000 | 6,500,000 | 76 | 118 |
| 414 | ЗАКУПНИНА | 939,416 | 705,328 | 940,000 | 950,000 | 100 | 101 |
| 415 | КОМУНАЛНИ УСЛУГИ | 407,491 | 791,235 | 1,060,000 | 1,000,000 | 260 | 94 |
| 417 | ТРОШОЦИ ЗА РЕКЛАМА И ПРОПАГАНДА | 858,303 | 590,199 | 790,000 | 800,000 | 92 | 101 |
| 419 | ОСТАНАТИ УСЛУГИ | 811,102 | 795,359 | 1,160,000 | 1,200,000 | 143 | 103 |
| 422 | ОСТАНАТИ ТРОШОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ | 5,271,701 | 6,214,155 | 6,600,000 | 6,000,000 | 125 | 91 |
| 440 | ДНЕВНИЦИ ЗА СЛУЖБЕНИ ПАТУВАЊА И ПАТНИ ТРОШОЦИ | 311,363 | 216,236 | 350,000 | 350,000 | 112 | 100 |
| 441 | НАДОМЕСТ НА ТРОШОЦИТЕ НА ВРАБОТ. ПОДАРОЦИ И ПОМОШТИ | 266,636 | 132,391 | 250,000 | 300,000 | 94 | 120 |
| 442 | ТРОШ. ЗА НАДОМЕСТ НА ЧЛЕНОВИ НА УО И НО | 673,332 | 504,999 | 673,332 | 673,000 | 100 | 100 |
| 443 | СПОНЗОРСТВА И ДОНАЦИИ | 2,121,689 | 1,165,662 | 2,200,000 | 2,000,000 | 104 | 91 |
| 444 | ТРОШОЦИ ЗА РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА | 518,184 | 591,577 | 790,000 | 800,000 | 152 | 101 |
| 445 | ТРОШОЦИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ | 8,310,280 | 5,574,056 | 7,450,000 | 7,800,000 | 90 | 105 |
| 446 | БАНКАРСКИ УСЛУГИ И ТРОШОЦИ ЗА ПЛАТЕН ПРОМЕТ | 280,432 | 716,267 | 1,050,000 | 400,000 | 374 | 38 |
| 447 | ДАНОЦИ КОИ НЕ ЗАВИСАТ ОД РЕЗУЛТАТОТ,ЧЛАНАРИНИ И ДРУГИ ДАВАЧКИ | 1,133,622 | 870,047 | 1,360,000 | 1,300,000 | 120 | 96 |
| 449 | ОСТАНАТИ НЕМАТЕРЈАЛНИ ТРОШОЦИ. | 2,399,787 | 1,350,721 | 1,800,000 | 1,800,000 | 75 | 100 |
| 455 | ВРЕДНОСНО УСОГЛАСУВАЊЕ НА КРАТКОРОЧНИ ПОБАРАУВАЊА | 10,064,661 | / | 11,000,000 | 9,500,000 | 109 | 86 |
| 456 | ОСТАНАТИ ТРОШОЦИ ОД РАБОТЕЊЕТО ОД РЕДОВНА АКТИВНОСТ | / | 1,416 | 1,900 | / | / | / |
| 464 | КУСОЦИ КАЛО, РАСТУ. И КРШЕЊЕ | 213 | / | / | / | / | / |
| 465 | ДОПОЛНИТЕЛНО УТВРДЕНИ РАСХОДИ НА МАТЕРИЈАЛИТЕ | 3,366 | / | / | / | / | / |
| 468 | КАЗНИ, ПЕНАЛИ И ШТЕТИ | 18,450 | / | / | / | / | / |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 469 | ОСТАНАТИ РАСХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО | 9,775,433 | 4,190,059 | 8,200,000 | 10,000,000 | 84 | 122 |
| 474 | РАСХОДИ ОД КАМАТИ | 4.089.259 | 1,960,968 | 3,000,000 | 3,500,000 | 73 | 117 |
| | **ВКУПНО материјални трошоци** | **63,772,655** | **35,767,061** | **54,863,900** | **58,060,000** | **86** | **106** |
| | **ВКУПНО нематеријални трошоци** | **41,149,145** | **23,488,554** | **44,725,232** | **44,423,000** | **109** | **99** |
| | **ВКУПНО материјални и нематеријални трошоци** | **104,921,800** | **59,255,614** | **99,589,132** | **102,483,000** | **95** | **103** |
| 430 | ПРЕСМЕТАНА АМОРТИЗАЦИЈА | 25,781,997 | 19,336,497 | 27,500,000 | 34,300,000 | 107 | 125 |
| | **ВКУПНО материјални и нематеријални трошоци со амортизација** | **130,703,797** | **78,592,111** | **127,089,132** | **136,783,000** | **97** | **108** |
| 420 | ПЛАТА, НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТА | 95,996,931 | 71,983,908 | 96,000,000 | 97,000,000 | 100 | 101 |
| | **ВКУПНО РАСХОДИ** | **226,700,728** | **150,576,019** | **223,089,132** | **233,783,000** | **98** | **105** |

Според Планот за 2014 година **вкупните расходи** се предвидени во износ од **233,783,000** денари што е за 5% повеќе од предвидувањето, кои се за 2% намалени во споредба со оствареното во 2012 година,

Структурата на планираните вкупни трошоци се одвива според следниот редослед;

- Вкупните **материјални трошоци** се зголемени за 6% во споредба со предвидените средства за 2013 година.

- Вкупните **нематеријални трошоци** се помали за 1% во споредба со предвиденото за 2013 година.

- Пресметаната **амортизација** е за 25% зголемена во споредба со предвиденото за 2013 година.

- **Платата** и надоместоциете од плата се планира да биде поголема за 1% во споредба со предвиденото за 2013 година.

# П Л А Н

## На распределба на вкупниот приход за 2014

000 денари

| ред.бр | ЕЛЕМЕНТИ | Остварено 2012 | 01-09 2013 | предви. 2013 | ПЛАН 2014 | Инд. 5/3 | Инд. 6/5 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 1 | **Вкупен приход** | **232,143** | **164,453** | **225,382** | **235,287** | **97%** | **104%** |
| | Приходи од продажба на производи и услуги | 205,430 | 145,686 | 196,382 | 199,287 | 96% | 101% |
| | Приходи од извршени услуги од поврзани субјекти | 10,950 | 8,100 | 11,000 | 11,000 | 100% | 100% |
| | Приходи од сопствено учество | 3,193 | / | 3,000 | 10,000 | 94% | 333% |
| | Останати деловни приходи | 12,570 | 10,667 | 15,000 | 15,000 | 119% | 100% |
| 2 | **Вкупни расходи** | **230,934** | **150,576** | **223,089** | **233,783** | **97%** | **105%** |
| | Материјални трошоци со амортизација | 94,826 | 55,104 | 82,364 | 92,360 | 87% | 112% |
| | Нематеријални трошоци | 40,111 | 23,488 | 44,725 | 44,423 | 112% | 99% |
| | Бруто плати | 95,997 | 71,984 | 96,000 | 97,000 | 100% | 101% |
| 3 | **Бруто добивка** | **1,209** | **13,877** | **2,293** | **1,504** | **190%** | **66%** |
| | Данок на добивка | 1,062 | / | 1,900 | 1,300 | 179% | 68% |
| | Нето добивка | 147 | / | 393 | 204 | 267% | 52% |

# П Л А Н

за инвестициона активност во 2014 година

**1. Реконструкција на застарената и дотраена дистрибутивна водоводна мрежа и реконструкција на водоводни објекти и линии**

Тековно инвестиционо одржување на дотраената водоводна мрежа и реконструкција на водоводни објекти и линии во согласност со планираниот план и програма на Општина Битола.

**2. Реконструкција на делници од примарната градска мрежа**

Во рамките на своите финансиски можности, ЈКП „Водовод“ планира да ги изврши следните интервенции во примарната водоводна мрежа:

- Регионален цевковод – довод до РЕК Битола – делница од млекара до крајот на с.Трн. Постоечката цевка ПВЦ КМ225 потребно е да се замени со ПЕ OD315mm
- Регионален цевковод кон Кременица – делница од Буковски мост до Терминал. Постоечката цевка ПВЦ КМ225 потребно е да се замени со ПЕ OD315mm.
- Потисен цевковод – I-ва фаза, делница од стара филтерница Довлеџик до филтерница Дихово, GRP DN700mm

**3. Осовременување на филтерската станица Дихово**

За осовременување и доопремување на хемиската и микробиолошката лабораторија во Филтерската станица Дихово се со цел за добивање брзи и валидни резултати во процесот на преработка на водата за пиење ќе се набават апаратутри и инструменти за пратење на квалитетот на водата и тоа:
1.JAP - тест за определување на оптимална доза на коагуланти и флокуланти во сировата вода во процесот на коагулација.
2.Термостат за микробиолошка лабораторија.
3.Мембран филтер за идентификација на бактерии во водата.
4.Автоклав со поголем капацитет заради зголемен обем на работа во микробиолошката лабораторија.

**4. Санација на зафати**

Според планот за работа во текот на годината предвидено е инвестиционо одржување на зафатите на Лак Поток, Црвена Река и Сапунчица.

Изготвувач :
Служба за план и анализа

ЈКП “ ВОДОВОД “- БИТОЛА